Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-716/2
06-10-2023 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-716 од 28.9.2023 година, поднесена од [redacted] против [redacted] за извршена дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на јавно информирање и медиуми, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 4.10.2023 година, го донесе следниот

**ЗАКЛУЧОК**
**за отфрлање на претставката поради ненадлежност**

**СЕ ОТФРЛА** претставката заведена под архивски број 08 – 716/1 од 28.9.2023 година поднесена од [redacted] Скопје против [redacted] **ПОРАДИ НЕНАДЛЕЖНОСТ**.

**О б р а з л о ж е н и е**

На 28.9.2023 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од [redacted] против [redacted], за извршена дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на јавно информирање и медиуми.

Претставката е поднесена против правното лице [redacted] на чиј профил на социјалната мрежа Facebook на ден 1.7.2023 година било објавено видео од претставување на монографијата „Век од основање на Филозофскиот факултет во Скопје (1920-2020) основање и почетоци. Јубилеј на првата високообразовна установа на Јужна Србија“. Се наведува дека објавата има 68 реакции (допаѓања), 10 коментари и 725 прегледи. Подносителите сметаат дека [redacted] со горенаведената објава Република Северна Македонија ја нарекува „Јужна Србија“, со што се навредуваат и вознемируваат сите народи кои се наведени во преамбулата на Уставот на Р.С. Македонија, вклучително и граѓаните со бугарско национално самосознание. Со ова, сметаат дека е сторено вознемирување од страна на [redacted], преку повреда на достоинството и создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка и застрашувачка практика во смисла на член 10 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Имено, подносителите на претставката наведуваат дека според светската историографија, денешната територија на Северна Македонија, од 1912 до 1914 година била под окупација на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците. Истакнуваат дека во тоа време, името „Македонија“ било забрането и денешната држава се нарекувала „Јужна Србија“, „Стара Србија“ или „Јужна Бановина“. Во продолжение наведуваат дека после османлиската власт, српската окупација била најдолго присутна на територијата на денешна Р.С. Македонија, а на народите кои живееле на оваа територија им било забрането да ја искажат својата национална припадност, да ги слават своите национални и верски празници, на презимињата им била додавана наставката „иќ“, а населението било изложено на масовни убиства и насилства. Оттука, даваат пример дека при задушувањето на Тиквешкото востание во 1913 година загинале околу 1000 тиквешани, при задушување на

Охридско-Дебарското востание во 1913 година биле запалени околу 30 села, меѓу Гостивар и Охрид биле запалени над 180 села, убиени над 150 македонци и бугари, додека само во Охрид биле убиени околу 500-ина албанци и турци.

Согласно наводите и барањата од претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека се работи за прашања кои не спаѓаат во нејзините надлежности. Имено, согласно надлежностите од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата нема надлежност да постапува во конкретниот случај, каде од наводите во претставката утврди дека станува збор за историски настани. Во оваа насока поконкретно, Комисијата нема надлежност да навлегува во испитување на историски факти и околности, бидејќи станува збор за тоа на чија територија бил отворен, во тоа време, Филозофскиот факултет во Скопје.

Дополнително, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека во конкретниот случај, подносителите на претставката не го сториле веројатно тврдењето за сторено вознемирување согласно член 10 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, кој гласи:
„Вознемирувањето претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика“.

Од горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и утврди дека дека во конкретниот случај не се работи за прашања кои се во надлежност на Комисијата.

Скопје
6.10.2023 година

Комисија за спречување
и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Исмаил Камбери

Доставено до:
- [redacted]